РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Центар за развој на СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Бр. 04-53/1
24.06.2016 год.
СКОПЈЕ

Арх. знак 0401
Рок на чување ______
______ 20 ___ год.
Потпис,

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи (Пречистен текст "Сл. Весник на РМ" бр.145/2014, бр.74/2015), член 25 став 1 и 2 од Закон за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 63/07,215/15),а согласно Одлуката бр.02-51/4од 23.06.2016 год Советот за развој на Скопски плански регион објавува:

**ОГЛАС**
**За избор на Раководител на Центарот за развој на Скопски плански регион – 1 извршител за период од 4 години**

Покрај општите услови за вработување предвидени со Законот за работни односи, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

- VII / 1 степен или со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС – Факултет од областа на општествени или природни науки
- Минимум 5 (пет) години работно искуство во областа на локална самоуправа, државната администрација или работа на меѓународни проекти
- Минимум 1 (една) година работно искуство на раководната позиција и докажани организациски и менаџерски способности
- Познавања на политиката за рамномерен регионалниот развој и системот на локалната самоуправа
- Познавање на позитивните законски прописи, подзаконските акти и Владините регулативи релевантни за планирање, имплементација и евалуација на Програми за поддршка на регионален развој.
- Искуство во подготовка, раководење и имплементација на проекти
- Способност за тимска работа
- Посветеност на работа и подготвеност за работа под притисок
- Активно познавање на англиски јазик
- Познавање на работа со компјутери (Microsoft Office, Microsoft Excel, Power Point и Outlook)

Потребни документи за аплицирање:

- Доказ за завршен соодветен вид на високо образование
- Биографија (CV)
- Мотивациско писмо
- Копии од документите кои го потврдуваат стекнатото работно искуство

Огласот е отворен 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето, вклучувајќи го и денот на објавувањето.
Работодавачот ќе изврши избор во рок од 15 работни дена по истекот на рокот за пријавување.

*Работни часови неделно: 40; Работно време од 08:30 до 16:30; Работни денови: од понеделник до петок*
*Основна нето плата: 44.000,00 денари*
Контакт лице: Ванчо Ќулумоски; Контакт тел: 02/3218-480
Пријавите за вработување со потребните документи да се достават до: Центар за развој на Скопски плански регион - Скопје, ул.``Беласица`` бр.2, Скопски саем 1 кат – Скопје или П.Ф. 1,1130 Скопје.
Ненавремено доставените и некомплетни документи нема да се разгледуваат.

Совет за развој на Скопски плански регион